**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Третото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.12.2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,57 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Хисен Џемаили, Хајрула Мисими, Маринела Тушева, Славица Грковска Лошкова, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Имер Селмани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на 8 точка - Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, по скратена постапка, дополнет предлог, второ и трето читање.**

Дополнетиот предлог на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на ЛДПНА е пријавен господинот Манасијевски Јован и во име на пратеничката група на СДСМ е пријавен господинот Николов Марјанчо.

Има збор господинот Манасиејвски Јован повелете.

**Јован Манасијевски**: Благодарам господинот претседателе.

За жал, не е така само оваа година, туку во континуитет, Законот за извршување на буџетот запаѓа во сенка на буџетската расправа. Пратениците ќе се испукаат на таа тема и потоа некако со помало внимание е од должното што го заслужува поминува овој закон.

Јас сакам во оваа прилика да реферирам на две работи во овој закон, што сметам дека се многу значајни и што, со огледна лошото искуство што во континуитет повеќе години ни се провлекува, значи не е само каракеристика на оваа Влада, да се обидеме да изнајдеме решенија во Законот за извршување на Буџетот.

Пред се, би реферирал на членот 7, што всушност го санкционира неизвршувањето на капиталние расходи со одземање на средствата, на дел од средствата до оредена дефинирана граница. Оваа одредба постои веќе 5 години, меѓутоа нејзините ефекти, за жал се многу слаби и очигледно е дека оваа 5-годишна практика дава за право да законодавецот пристапи кон потврди елементи во мотивацијата на извршната власт да ги троши буџетски определените средства.

Имено, во прилог на ова што го говорам, говорат податоците што ни се презентирани со фискалната стратегија. Ќе цитирам што се вели во овој документ на Владата " Капиталните расходи до 1 декември (бидејќи до тогаш е даден податокот) забележаа остварување од само 49%, а расходите за стоки и услуги 67%".

Почитувани колеги пратеници,

за 11 месеци ни полвина од пердвидените капитални расходи не биле реализирни и ова, за жал, се случува од година во година. Броќјите се горе -долу слични, меѓутоа јас упорно барам од оваа говорница секоја година санкции за министрите и директорите на телата што не го извршуваат Буџетот. Затоа што прават двојна штета. Средствата се планирани, значи се имобилизираат, од друга страна влијаат на економијата со нетрошење на средствата. А , пак, ако се определат, како што за жал се случува во последните 10 дена од годината фискална да ги трошат, тогаш прават нарушување на пазарот на девизниот пазар, што содава и нервози, затоа што факт е дека премногу денари се во оптек во последните недели од година.

Мојата сугестија е да Владата многу сериозно работи да размисли во членот 7 да внесе и санкции за министрите, слични на оние, на пример, како што Владата се обиде да внесе во Законот за здравствено осигурување и здравствена заштита каде што беа дадени високи репери на менаџерите на јавните здравствени установи. Јас не сум слушнал дека некој уште е санкциониран по таа основа, меѓутоа тоа можеби претставува добар модел, затоа што недозволива е ваквата неефикасност особно што ова ни се случува во неколку министерства во континуитет. Истите три-четири министерства, се секоја година, поготово овие две три години наназад, кои што не се способни да ги реализираат овие клучни ставки. Оттаму и плановите што ги прави Владата за наредната година за зглемување на капиталние расходи изгледаат за жал, само како пусти желби, бидејќи ако веќе трета година овој идентичен уигран тим, не е променет премиерот, не е променет вицепремирот, не е променет министерот за финансии, директорот на УЈП, царинската управа. Значи веќе трета година претпоставка е дека вие сте многу добор уходани и ако не можете во Владата да извршите притисокот на неспосбните министри да ги трошат овие пари мора да примените некои елементи на санкции. Тоа е една работа која што е многу значајна.

Втора работа, врзана за членот 46, исто така многу значајна, повеќето пратеници имаа прилика да го увидат значењето на ова за што ќе говорам при расправата за Буџетот.

Имено, најголем дел од амандманите во расходните ставки за транспорт и врски кај што велгуваат патишта, водовод и канализации итн., наголем дел од амандманите за програмите во областа на земјоделието, пратениците ги даваа затоа што немаа увид како Владата планира да ја потроши сумата дефинирана во Буџетот. Значи, и за ова министре ви скренав внимание и при самата расправа, се јавува суштинска потреба при давањето на Предлог буџетот во процедура се даваат и програмите, се разбира и тие би имале статус на предлог програми кои што би биле усклaдени со силинзите што ги дава Министерството за финансии. На тој начин пратениците и целата јавност би имале увид како и за што точно се трошат , на пример 70 милиони евра во земјоделието. Сега бидејќи се нема увид, се нема структурна распределба на тие пари, многу дискусии беа јалови и залудни затоа што пратениците не знаат точно, ниту јавноста за која култура колку пари треба да бидат наменети. Истото се однесува особено на патиштата, на програмите за водоводи, канализации итн. Оттаму истото важи, само да не испѕуштам нешто да не навредам некого за програмите на Министерството за образование, истото важи и за многуте програми на Министерството за труд и социјална политика, значи мора да биде пристапот на Владата со Буџетот да се даваат и овие клучни десетина програми и ако амандмански се измени Буџетот се разбир дека сходно на тие промени ќе настанат и промени на програмите. Меѓутоа елементот на програми мора да биде суштински елемент на расправа за Буџетот затоа што ние инаку диксутираме апстрактно и напамет. Мислам дека забелешката е многу добро намерна, дека министерот за финансии, кој што е од моето досегашно искуство што го имам отворен за идеи, има некои работи, понекогаш непотребно тврдоглаво ги брани, меѓутоа во основа е отворен за идеи, ова се идеи кои се во функција на поквалитна расправа. И сметам дека најдобар начин таа обврска да биде дефинирана и следствено ако има промени, да тие го пратат и да бидат дефинирани и во овој член или во некој друг член на Законот за извршување на Буџетот. Значи, предлагам еден нов модел каде што заедно си Буџетот ќе се носат и клучните програми, особено се работи за сите програми, што во рок од 30 дена треба да се носат на Владата, Парламентот со гласањето за буџетот суштински би ги одобрил и овие програми што не би го одземало правото на Владата да изврши ситни корекции. И тоа може да се дефинира во Законот. Значи, во кој износ плус минус 5-10% би можеле да бидат тие корекции онака како што правиме всушност со одлуката за прераспределба на буџетски средства. И таму Владата има соодветна слобода во соодветни да рамки ја дефинира својата позиција и изврши одредени промени. На тој начин расправата во Парламентот би била многу поквалитна, пратениците и јавноста би имале многу поголем увид и со изгласувањето на Буџетот ни е дефакто би ја завршиле работата и со одобрување на сите клучни програми. Ако има потреба Владата би имала дозвола дефинирана во некои од овие членови да изврши ситни корекции.

Тоа беа моите добронамерни забелешки. Се надевам дека веќе во наредниот буџетски циклус министерот за финансии и Владата ќе ги прифатат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски**: Благодарам претседателе.

Јас навистина морам да реагирам уште еднаш на тој фамозен член 157 кои што пратеници кои немаат пратеничка група не можат да го искажат своето мислење, но сепак мислам дека се рабори за една забелешка, можеби е техничка за која што навистина министерот би требало да даде одговор.

Јас овие денови добивам повеќе повици особено од вработените од државната администрација, министре, реагираат на членот 12 претпоставувам можеби се работи за некакво недоразбирање, се надевам дека вие ќе дадете соодветно образложение. Во членот 12 стои: за деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа...

**Трајко Вељаноски:** Господине се извинувам, реплликата е спрема Јован Манасијевски пратеникот.

**Горан Мисовски:** Јас немам друг начин како претседателе да ја искористам можноста, се работи за една можеби техничка грешка или недоразбирање, а во името на 100 илјадната администрација особено они луѓе кои патуваат добро е, министерот можеби ќе ни укаже дека се работи или на недоразбирање или на техничка грешка. Овде не држиме политички говори туку едно чисто образложение по членот 12 врз база на одредени сугестии на луѓе запослени во државната администрација. Ако министерот чувствува за потреба да даде образложение ќе даде, ако не нема потреба. Значи го цитирам членот 12 министре, велам можеби се работи за недоразбирање: за деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по било која друга основа платата соодветно се намалува, а надоместокот за одвоен живот и паушал не се исплатува. Велам можеби се работи за техничка грешка, или недоразбирање заради тоа што износот на плата за службено патување до сега не се намалувал. Концептот на бруто плата предвидоа сите приходи и надоместоци од работен однос да се инкомпорираат во еден бруто износ. Е, сега на кој начин ќе се намалува платата за службен пат. Претходно се намалуваше дневниот надомест и хранарина и патни трошоци. Исто така за годишен одмор платата никогаш не се намалувала. Е сега, дали е ова е отстапување од концептот на бруто

плати навистина би ве замолил да дадете образложение. Ако е некаков концепт врзан со бруто платата тогаш тоа не би било бруто плата туку збир на сите стапки кои што досега ги примаше работникот пред донесување на Законот за бруто плати. Навистина е нејасно и не е прецизирано кој износ ќе претставува основица за намалување на платата по основ на службено патување или годишен одмор. Во законот не е јасно дефиниран овој член, а претходно во истиот закон стоеше платата соодветно се намалува односно надоместоците соодветно се намалуваат, а сега вели платата соодветно се намалува. Навистина се менува суштината и мислам дека е добро е да дадете одговор од едноставна причина, само една секундна претседателе, ако една дневница на вработен во државната администрација 1.500 денари, досега се одбиваа 100 денари на надомест. Сега велита се намалува платата и за годишен одмор и за службено патување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам гоеподине Мисовски.

Контра реплика има господин Манасијевски Јован после министерот за финансии има реплика.

**Јован Манасијевски:** Забелешката почитуван колега Мисовски вие е на место и Владата ја увиде таа грешка и преку пратеникот Силвана Бонева со амандман интервенираше, амандманот е прифатен, така што грешката на Владата е поправена.

**Трајко Вељаноски:** Веројатно колегата го гледал само Законот за извршување, не дополнителниот предлог на законот.

Има реплика министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Да му заблагодарам за сугестиите на пратеникот

Јован Манасијевски, да секако се учи од искуството задча и обврска на секоја Влада е при извршување на Буџетот средствата што се прибрани како приходи од буџетските обврзници да се искористат за соодветните намни во износите кои што биле предвидени. Понекогаш од различни причини тоа не е случај пасе прават ребиланси и други начини на корекции, но имаме и случаи кога средства предвидени за соодветни програми остануваат недоволно искористени.

Само да ве известам дека Владата минатата година во јануари во законскиот рок ги донесе сите програми што започнале да се извршуваат. За да биде поефикасна реализацијата на Буџетот оваа година веќе во декември сите предлог програми беа донесени, разгледани на Влада и усвоени. Тие ќе станат ефективни по усвојувањето на Буџетот што се случи пред извесно време. Но господине Манасијевски ние ќе го нотираме вашиот предлог македонскиот Парламент да ги гледа тие десет, како што велите, клучни програми, морам да истакнам дека не ми е познат случај во светската практика Парламентот да се оптоварува со такви детаљи. Парламентот го разгледува Буџетот, Буџетот на Република Македонија е според сите стандарди што се прифатени од меѓународната практика засега мислам дека нема потреба Парламентот да ги разгледува програмите, но велам ќе остане тоа како ваш предлог на теренот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине министре што ќе излезете во пресрет. Значи ова што говорете дека програмите се готови значи тоа решава уште еден технички проблем, значи треба само да се проследат во Собранието. Инаку, како што кажав не е тоа тврда форма на усвојување на програмите туку едноставно тие користат на пратениците за да ја разберат вкупната политика на Владата. Инаку господине Славески ние направивме анализа од 204 амандмани што беа поднесени на Буџетот, 153 или 4 се однесуваат токму на прашања кои што се дефинирани во програмите. Оттаму, убеден сум дека ако пратениците ги имаат пред себе предлог програмите дека најмалку половина од тие амандмани немаше да бидат поднесени, затоа што пртениците амандманите особено на расходната страна ги даваат на многу конкретни места кои што се дефинирани во програмите. Во секој случај благодарам и се надевам дека од другата година ќе работиме на еден таков потемелен начин. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ, а тоа е дека и против предлогот на закон за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 година ќе гласаме против.

Би сакал да поставам неколку прашања до министерот за финансии.

Прво, господине министре во членот 13 ставот 1 надоместокот на дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 800,00 денари. Не е прецизирано, знаеме дека сега кога носевме редица на закони кои што се однесуваат на бруто платата таму утврдивме дека изнесува 4%, или се однесуваше само за пратениците. И зошто не е во релативни бројки во проценти туку е во апсолутни цифри.

Истото прашање е и за членот 16 ставот 1 и 2 кои што гласат: во случај на смрт на вработениот на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30 илјади денари, или ако почине некој близок член од неговото семејство 15 илјади денари. Знаеме дека кога ги носевме законите, беше утврдено односно Владата ги намали од 3 на 2 просечни плати, а сега уште повеќе ги намалува овие надоместоци и ги утврдува во апсолутен износ. Сметаме дека ова на штета на

вработените во институциите односно на администрацијата и би го запрашал министерот во однос на членот 18 ставот 1 кој се однесува на тоа дека буџетските корисници и единиците корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, јавните претпријатија, агенции, јавноправните субјекти основани од централната власт можат да вршат вработување на определено и на неопределено време само доколку имаат обезбедено финансиски средства во Буџетот за 2009 година. Бидејќи знаеме дека Буџетот се носи започнувајќи од месец април кога буџетските корисници доставуваат барање до Министерство за финансии односно предлози за потребите од финансиски средства би го запрашал министерот колку барања за нови вработувања има поднесено и за определено и за неопределено време или уште попрецизно колку согласности има дадено министерот во 2008 година за вработување на определено и на неопределено време. Бидејќи постојано шпекулираме или зборуваме за бројки за тоа колку ново вработени има во админстрацијата. Буџетската година завршува заклучно со 26 веќе трезорот не прима налози за уплата и знаеме дека Владата се трудеше да ги потроши парите министерот има прецизен податок, би го замолил да ми одговори на овие прашања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не се поднесени амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина. Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 61, воздржан нема, против 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен и констатирам дека 32-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата прекина со работа во 18,19 часот)